# Лавовите на мостот „Гоце Делчев“ ќе се поставаат за еден месец

**Според пресметките на градоначалникот Тодоровиќ, две до три недели ќе треба да се изработи постаментот за лавовите и уште една недела за тој да се разубави, па потоа да се поставаат лавовите**





**Египетските лавови за неколку недели ќе се поставаат на мостот „Гоце Делчев“, а античките до крајот на годината**

Скулптурите на египетските лавови, кои пред неколку дена пристигнаа во Скопје, ќе се поставаат на едната страна од мостот „Гоце Делчев“ за неколку недели, најави **Владимир Тодоровиќ**, градоначалникот на општината Центар. Тодоровиќ кажа дека лавовите сега се наоѓаат на царинската управа, а ќе се поставаат откако фирмата „Бетон“ ќе ги изработи постаментите.

- Сега ги потпишував дозволите за изградба на постаментите, затоа мислам дека поставувањето на спомениците ќе биде наскоро. Две до три недели да се изработи постаментот, па можеби уште една до две недели за разубавување на постаментите и би требало да ги поставиме спомениците. Облогите на постаментот ќе бидат направени од мермер - објасни Тодоровиќ.

Двата египетски и двата антички лава што ќе се поставаат на мостот „Гоце Делчев“ ќе чинат нешто повеќе од два милиони евра, а спомениците на Гоце Делчев и Даме Груев 850 илјади евра. Пред неколку месеци, градоначалникот Тодоровиќ најави и дека нема да се изградат сите предвидени споменици, поради економската криза што владееше во светот, но на последната седница на советот на општината тој кажа дека кризата не била толку голема, па наскоро би требало да се плати за сите споменици. Владата оваа година ќе даде уште седум милиони евра за споменици, со што вкупната сума за споменици во општината Центар ќе порасне на 16 милиони евра. Иако жителите на општината негодуваат поради сите споменици кои треба да се поставаат, општинскиот совет на секоја седница во изминативе неколку месеци, носи предлог-одлука за поставување на нов споменик. Последни одлуки што општината ги предложи беа за поставување спомен-обележја за свети Климент Охридски, Блаже Конески, Славко Јаневски, Ѓорѓи Пулевски и Димитрија Чуповски, но последните две спомен-обележја градоначалникот ги повлече затоа што комисијата за урбанизам на општината не заседавала со доволен број членови, па тие ќе бидат ставени на дневен ред на некоја од следните седници на општината.

За споменикот на војсководецот Александар Македонски Тодоровиќ кажа дека ќе стигне следната година.

**А.М.Д.**

## Тодоровиќ ќе преговара со ИВЗ за изградба на Бурмали-џамија

**Владимир Тодоровиќ**, градоначалникот на општината Центар, утре ќе се сретне со муфтијата на Исламската верска заедница за изградбата на Бурмали џамија на плоштадот „Македонија“. Од ИВЗ пред неколку дена испратиле писмо до градоначалникот Тодоровиќ, во кое бараат итна средба и го искажуваат својот револт затоа што во најновиот детален урбанистички план за Мал ринг не е предвидено место за изградба на џамијата. Муфтијата во писмото исто така предупредува дека тој нема да биде во можност да ги контролира верниците, кои секојдневно барале во деталниот план да се вцрта маркичка за Бурмали-џамија.